Врз основа на член 3 од Правилникот за содржината на јавниот повик за прибирање на понуди за избор на деловни банки, начинот и рокот за поднесување на понудите и начинот на евалуација и избор на банки за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити ("Службен весник на Република Македонија" бр.160/11), Министерството за финансии објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за прибирање на понуди за избор на деловни банки за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити

1. Се повикуваат деловните банки во Република Македонија да учествуваат во реализација на Проектот за субвенционирање на станбени кредити, за што е потребно да поднесат понуда за учество.

2. Понуда за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити може да поднесе секоја банка со дозвола за основање и работење на банката, издадена од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

3. Понудата треба да содржи податоци за деловната банка, односно име (назив) на банката и адреса, како и:

(1) Годишна стапка на вкупни трошоци (ефективна каматна стапка) за субвенционирани станбени кредити, пресметана врз основа на Одлуката за методологијата за пресметување годишна стапка на вкупните трошоци, на НБРМ и тоа за првите три години заедно, како и за четвртата и петтата година заедно, при субвенционирање на половина од месечниот ануитет во еднаков износ во првите пет години од започнување со исплатата на кредитот, односно за целото времетраење на отплатата на кредитот при субвенционирање на половина од учеството за станот или куќата;

(2) Висина на номинални годишни каматни стапки за субвенционирани станбени кредити, и тоа:

- за првите три години заедно, како и за четвртата и петтата година заедно, при субвенционирање на половина од месечниот ануитет во еднаков износ во првите пет години од неговата отплата;

- за целото времетраење на отплатата на кредитот при субвенционирање на половина од учеството за станот или куќата.

(3) Провизија за обработка на барањата за субвенционирани станбени кредити и

(4) Други трошоци во врска со станбеното кредитирање за субвенционирани станбени кредити.

4. Услови за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити се:

- каматната стапка од точка 3, потточка (2), алинеја 1 да не надминува 4,99% годишно во првите три години од отплатата на кредитот, односно 5,5% во четвртата и петтата година од отплатата;
- каматната стапка на кредитот од точка 3, потточка (2), алинеја 2 да не е повисока од 6-месечен ЕУРИБОР + 4,5 процентни поени на годишно ниво, во текот на целото времетраење на отплата на кредитот;
- рокот на отплата на субвенционираниот станбен кредит да не е пократок од 20 години и
- при субвенционирање на половина од учеството за станот или куќата за субвенционираниот станбен кредит, учеството да не надминува 25% од максималната субвенционирана вредност на станбениот кредит, односно не повеќе од 6.250 евра во денарска противвредност.

Максималната субвенционирана вредност на станбениот кредит изнесува 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на одобрување на кредитот.

5. Кон понудата се доставуваат следните документи:

- копија заверена од нотар од Решението за издавање дозвола за основање и работење на банката, издадена од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија;
- документ за регистрација на банката издаден од Централниот регистар на Република Македонија;
- извештај од овластен ревизор за извршена ревизија на годишните сметки за 2010 година и
- изјава од овластено лице заверена од нотар, дека кон банката не е изречена мерка забрана/ограничување за: кредитирање, раст на вкупна изложеност на кредитен ризик и/или раст на активата пондерирана според ризиците.

Документите кои се доставуваат кон понудата треба да бидат во оригинал или во копија заверена од нотар.

6. Понудата од член 4 и пропратната документација од член 5 од Правилникот за содржината на јавниот повик за прибирање на понуди за избор на деловни банки, начинот и рокот за поднесување на понудите и начинот на евалуација и избор на банки за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити ("Службен весник на Република Македонија" бр.160/11) се доставува до Министерството за финансии, преку препорачана пратка, или лично во писарницата на Министерството за финансии, на бул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бб, Скопје, во затворен плик со назнака „Не отворај", најдоцна до 09.12.2011 година (петок) до 16.30 часот.

7. Постапката за избор на банките за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити, ја спроведува Министерството за финансии.

Понудите кои не ја содржат документацијата од член 5 или не се доставени во согласност со член 7 од Правилникот за содржината на јавниот повик за прибирање на понуди за избор на деловни банки, начинот и рокот за поднесување на понудите и начинот на евалуација и избор на банки за учество во реализација на проектот за субвенционирање на станбени кредити ("Службен весник на Република Македонија" бр.160/11), нема да се разгледуваат.

8. Евалуацијата на понудите ќе ја врши Министерството за финансии. Во реализацијата на проектот за субвенционирање на станбени кредити можат да учествуваат банки кои понудиле еднакви или поповолни услови од оние наведени во точка 4 од овој повик.

9. Договорот и придружната документација, Министерството за финансии ќе ги достави до избраните банки во рок од седум работни дена од извршениот избор.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**